# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 12.10.2023 година<br>Скопје<br>Број 15 год. XVIII | Претплатата за 2022 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


октомври, 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Предлог-одлука за задолжување на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар“ дооел-Скопје и обезбедување со меници од страна на Друштвото и Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 1 - 2

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за задолжување на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар" дооел-Скопје и обезбедување со меници од страна на Друштвото и Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за задолжување на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар" дооел-Скопје и обезбедување со меници од страна на Друштвото и Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата вонредна седница, одржана на 12.10.2023 година.

Бр. 09-4551/3
12.10.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 3. вонредна седница, одржана на 12.10.2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за задолжување на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар“ дооел-Скопје и обезбедување со меници од страна на Друштвото и Општина Центар-Скопје

### Член 1

Се дава согласност за задолжување на Друштвото во Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.52.000.000,00 со рок на враќање од 10 години, со вклучен грејс-период од 2 години.

### Член 2

Заради обезбедување на побарувањето на доверителот по основ на Договорот цитиран во точка 1 се дава согласност Друштвото да издаде 3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава - согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, уредени во форма на Нотарски акт и клаузула за извршност, акцептирани и трасирани од Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје и се дава согласност Општина Центар Скопје да ги авалира мениците.

### Член 3

Се овластува Управителот со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет на Друштвото во име и за сметка на Друштвото во својство на корисник на кредит – должник да го склучи и потпише Договорот за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН.52.000.000,00 со рок на враќање од 10 години, со вклучен грејс период од 2 години, да ги потпише меничните бланкети и Нотарскиот акт за уредување на меници со својство на извршност врз основа на кои Друштвото како трасант-акцептант на мениците гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките како и да ја потпише сета останата документација потребна за предметната правна работа пред Банката и Нотар.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Центар да ја потпише целокупната договорна документација и тоа: да ги потпише меничните бланкети и да го потпише Нотарскиот акт за уредување на меници со својство на извршност каде Општина Центар како АВАЛИСТ на мениците гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките како и да ја потпише сета останата документација потребна за предметната правна работа пред Банката и Нотар.

**Член 5**

Со донесување на оваа Одлука се потврдува дека се исполнети условите за полноважно донесување на одлуки согласно важечките акти на Општина Центар и законските одредби, се потврдува дека дополнителни согласности од други органи не се потребни освен согласноста од Министерство за финансии, односно нема правни или било какви други пречки за реализирање на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4551/2
12.10.2023 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.